РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
БР. 08 - 1105/2
22. 11 2024 ГОД.
ДЕМИР ХИСАР

***Записник***
***од буџетскиот форум оддржан на 22.11.2024 година во салата за состаноци на Советот на општина Демир Хисар во зградата на Дом на пензионери Демир Хисар со почеток во 12 часот***

Во салата присутен беше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски, од општинската администрација присутени беа раководителот на одделението за финансии и буџет Влатко Станковски, раководителот на одделението за ЛЕР и јавни дејности Мише Милошевски, раководителот на одделението за човечки ресурси Игор Дамјановски, раководителката на одделението за внатрешна ревизија Валентина Павловска, раководителката на одделение за инспекциски надзор-инспекторат Сузана Цуцуловска и претставник од одделението за урбанизам,заштита на животна средина и комунални дејности Катерина Огненовска. Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Митко Станковски и Виолета Пајковска.
Во салата присутни беа претставници од урбанта и месните заедници, а некои своите предлози ги имаа доставено во писменна форма без да бидат присутни.
Во салата присутни беа и претставници на Младински културен центар-Битола.
Целта на форумот беше да се изнесат предлозите од урбаната и месните заедници за проблемите и потребни на граѓаните, кои би се зеле во предвид при изготвување на буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година.
Градоначалникот Никола Најдовски ја отвори средбата ги поздрави присутните, при тоа ги покани присутните од МКЦ Битола да го презентираат проект.
Претставниците на МКЦ Битола извршија презентација на наодите од анкетата реализирана преку „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“ со поддршка на НВО Инфоцентар преку Форумот за граѓански дијалог 2024 година. На оваа анкета граѓаните имаа можност да се вклучат во процесот на креирање на локалните политики.
По извршената презентација Градоначалникот Никола Најдовски во својата дискусија истакна оваа е втора година како се организира средба со граѓаните оваа година е подобро организирана и збогатена, потоа додаде се покажа како добра средба да се слушне гласот на граѓаните нивните проблеми и нивните предлози кој ќе се имаат во предвид при креирање на Буџетот на општина Демир Хисар. При тоа нагласи досега се успешно имплементирани повеќе проекти некои се завршени некои се во фаза на реализација.
Успешно реализирани проекти се реконструкција на две улици во Прибилци, две улици во Сопотница, патот до манастирот во Вардино и две улици во Вардино, дел од канализациона мрежа под улица Битолска и дел од канализациона мрежа во Мургашево, во фаза на реализација е тротоарот по улица Битолска и градскиот парк во Демир Хисар.
Општина Демир Хисар доби нови средства од 320.000 евра со кои планирани се повеќе проекти и тоа реконструкција на две улици во Белче, реконструкција на главна улица во Единаковци, спорски комплекс во Демир Хисар, за реализација на овие проекти општината има свое учество од околу 50.000 евра. За 2025 година планирани се повеќе средства односно еден милион евра ќе се аплицира со нови проекти. Потребите на граѓаните се многу поголеми, но се работи колку се можностите не можи секаде да се постигне, општината е со 40 населени места со мал број на жители, свесен е дека секаде треба да ги има условите за живот максимално се труди општината да реализира што повеќе проети, скратени се сите ненаменски трошоци во општината, овие средства кои ги дава Владата се добредојдени за реализација на повеќе проекти. Форумот се организира да ги слушнеме потребите и предлозите на сите граѓани од сите населени места на општината, во рамките на можностите да се планираат во Буџетот за 2025 година. Имаме наши размислувања за што треба да се аплицира со поголеми проекти да се аплицира за средствата кои ги дава Владата, додека помалите пректи може општината да ги финансира од сопствени приходи. Поголеми планирани проекти се реконструкција на водоводна мрежа во Слепче,

реконструкција на патот Демир Хисар до манастирот Слепче, изградба на канализациона мрежа во Вардино, реконструкција на тротоар по улица Маршал Тито, изградба на пат до манастир во Сопотница, изработка на проект за реконструкција на улица во Мренога, планирани се изградба на детски игралиша во повеќе населени места, изработка на проект за реконструкција на улица во Жван до регионалниот пат, реконструкција на улица во Смилево, реконструкција на локален пат Вардино, изградба на две улици во Блече. Има постари проекти за улици кои ќе се земат во предвид за Бараково, Загориче-Стругово, во Обедник. По излагањето на градоначалникот за збор се јави претседателот на урбаната заедница Зоран Стевановски при тоа истакна имаат планирано 4 предлози од кои двата предлози веќе беа спомнати иградба на тротоар по улица Маршал Тито, уредување на градскиот стадион како спортски комплекс, потоа детското игралиште во населбата да се уреди и поставување на ступчиња на дел од тротоарот по улица Битолска каде има можност со цел да не се паркираат возила. Градоначалникот Никола Најдовски во врска со предлогот за поставување на ступчиња објасни се размислуваше и за тоа, земајќи ги во предвид навиките на граѓаните при изградбата на тротоарот се постави цврста подлога, но сепак добра е забелешката. Раководителот Мише Милошевски додаде знаевме дека ќе имаме вакви проблеми се размислува за поставување на урбана опрема, потоа додаде за улицата Маршал Тито се размислува за поставување на хоризонтална и вертилана сигнализација и осветлување.

Претседателот на МЗ Бараково Рубин Митревски истакна нивните барања се исти како и предходната година, бидејќи немало ниту еден проект реализирано, а тоа се асвалтирање на улица има проект, проблемот со излевање на речното корито да се реши, селскиот дом е во многу лоша состојба да се реконструира, чистење на локалниот пат Бараково-Вардино, санација на полскиот пат Бараково-Единаковци. Градоначалникот Никола Најдовски објасни се разговарало за чистење на речното корито, се бара начин како машината да се транспотира, не е проблем општината може да го плати транспортот треба само да се најде фирма која ќе може да го изврши.

Претставниците на МЗ Белче го истакнаа проблемот со канализацијата во Белче, при тоа предложија прво да се направат приклучоци од шахтите до завршетокот на улицата, а потоа да се асвалтира улицата да не се случи после да се сечи асвалтот за да се приклучат. Градоначалникот Никола Најдовски објасни сите знаете дека има проблем со таложникот, не може да се стави во функција оваа канализациона мрежа. Се започна и се заврши експропријацијата, останува да се реши проблемот со таложникот кој е поставен под далек餘водот, и тоа е проблем. Добар е предлогот за оставање на приклучоци, но се плаши дека тогаш граѓаните ќе се поврзат на канализацијата и тоа ќе биде сериозен проблем, како што има информација некој веќе се поврзани. Претставниците од месната заедница потврдија дека некој веќе се поврзани и дел шахтите се полни.Предлозите ги истакнаа усно и не доставија писмен документ.

Претсавниците на Месната заедница Обедник исткна патот кој беше спомнат во Обедник добро е да се направи, но поголем проблем претставува училишната зграда која е во многу лоша состојба посебно тоалетите и уредување на дворот кој во ваква состојба претсавува само опасност за децата, потоа каналот кој беше направен пред повеќе години почна да се распаѓа, потребно е да се направат каскади и да се заштити. Градоначалникот Никола Најдовски го посочи проблемот со водоводната мрежа во Обедник, проблемот со отпадот треба повеќе работи да се средат, а раководителот Мише Милошевски додаде за дворот на училиштето има нерешени имотно правни работи. Претставниците од месната заедница објаснија треба да се постави сензор кај водоводот, бидејќи сега како стојат работите пумпата пумпа вода и кога резевоарот е полн. За имотно правните работи сега има согласност тука нема да има проблем, а потоа додаде дека нема вработени од Обедник по државните институции иако има млади кои имаат високо образование.

Претседателот на МЗ Жван Никола Филиповски предлозите ги истакна усно, без доставување на писмен документ, на МЗ Жван се да се направи реконструкиција на патот од селото до

регионалниот пат, да се исчисти јазот, патот до манатирот, потоа додаде потребно е да се организира состанок со стручни лица демогравскиот фактор си го прави своето, но да се изготви стратегија за развој на општината, да се вложи за развој на земјоделието има многу плодна почва која така стои необработена да се работи на окрупнување на земјоделските површини и се работи таа земја, развој на стопанството.
Претседателот на МЗ Граиште Горан Кочовски истакна предходната година ги имавме истите предлози и оваа година ги даваме повторно, треба да се направи формула како да се распределат средствата кои ги дава Владата да се знае според бројот на жители или друг критериум колку ќе му припаднат на Граиште. Кога ќе се планира канализација за Граиште, имаат потреба од реконструкција на пат, реконструкција на игралиштето кое е изградено, а се распаѓа. Градоначалникот Никола Најдовски објасни ако средствата се распоредлуваат по некој критериму населените места ќе добијат по малку средства ништо нема да се направи, затоа се планирани крупни проекти, се внимава да се опфатат сите населени места предходно беше направено капитален проект патот до манастирот во Граиште. Потоа додаде дека би било многу добро секаде да се асвалтирани улиците, да има водовод, канализација, но ограничени се можностите, барањата се голоми се гледа при определување на приоритетите да се даде предност на проект кој ќе го користат поголем број на граѓани, незначи дека за другите не треба и еден жител да има некаде треба да има услови за живеење. Претседателот на МЗ Граиште потоа додаде патот до манастирот е за сите граѓани, но треба да се направи увид, бидејќи треба да се интервенира за да не се уништи.
Претседател на МЗ Мало Илино Игорче Петковски истакна во ова населено место треба да се направи асвалтирање на главната улица.
Претседател на МЗ Церово предложи усно без писмен документ дека треба да се донесе и да се растури тампон по улица во ова населено место.
Претседател на МЗ Загориче Александар Стојковски истакна во ова населено место претставува проблем водада за пиење, треба чистење на резервоарот има друг нов резервоар, но не се користи, потоа патот од Мраморица до влезот на селото е во многу лоша состојба и улиците низ селото. Раководителот Мише Милошевски објасни таму има проблем со издашноста на бунарот, треба да се смени локацијата. Градоначалникот Никола Надовски објасни треба да се најде добро решение за проблемот со водата за пиење можеби треба да се размислува да се поврзи на водовотот во Обедник, а улиците во Загориче Стругово се планирани. Никој од присутните повеќе не се јави за збор, програмите ги доставија на писмен документ до општинската администрација. Градоначалникот Никола Најдовски му се заблагодари за одзивот на поканата ќе се изготви листа на предложените проекти од сите населени места, ќе се земат во предвид при планирањето во Буџетот за 2025 година.

| МЕСНА ЗАЕДНИЦА | ПРЕДЛОЗИ |
|---|---|
| Слепче | -Регулација на канал (речно корито) кој поминува низ селото-најголем приоритет од причини што има голем број на санитарни чворови кои се приклучени на каналот и ги испуштаат директно во него.<br>-Реконструкција на водоводна мрежа во селото.<br>-Реконструкција на локален пат Демир Хисар-Слепче-Манастир Свети Јован Претеча. |

| | |
|---|---|
| Сопотница | -Изградба на пат до манастир Свети Атанасиј с.Сопотница<br>-Реконструкција на улици 4 и 5.<br>-Чистење и доизградба на речно корито.<br>-Изградба на мини парк во горниот дел од селото и кај споменикот на паднатите борци од НОБ.<br>-Реконструкција на покривот на Домот.<br>-Изградба на спортско игралиште. |
| Брезово | -Изградба на пат кој води кон училиштето и црквата. |
| Мало Илино | -Изградба на главна улица |
| Стругово | -Реконструкција на пат<br>-Изградба на пат до манастир Свети Антониј<br>-Изградба на канализација<br>-Поставување на контејнери |
| Загориче и Утово | -Реконстукција на пат Мраморица-Утово<br>-Реконструкција на улици околу селското игралиште<br>-Решавање на проблем со резервоарот за вода |
| Бараково | -Асвалтирање на улица<br>-Обезбедување превоз/платформа на механизција од Битола до с.Бараково за чистење на Црна Река<br>-Реконструкција на селскиот објект<br>-Чистење со механизација на локалниот пат Бараково-Вардино<br>-Чистење на селската депонија<br>-Санација на полскиот пат Бараково-Единаковци во атарот на с.Бараково<br>-Обезбедување финансиска помош за активности кај црквата |
| Слоештица | -Санација на селската вренгија за наводнување(кај училиштето)<br>-Поставување на отворен тип на цевки по должина на јазот од зафатот кај реката до влезот на селото<br>-Санирање на двата селски мостови<br>-Пробивање на пат до црквата Св.Никола во должина од 100м<br>-Тампонирање на пат во должина од 800м за црквата Св.Ѓорѓи |
| Граиште | -Санација на долниот мост на Црна Река<br>-Редовно одржување на патот до манастирот Св.Тома<br>-Изградба на пат од долниот мост до раскрсницата на локалниот пат Демир Хисар-Вардино<br>-Финансиска помошза селската црква и манастирот<br>-Асвалтирање на патека од средсело до влезот на црквата<br>-Реконструкција на спортско игралиште на влезот од селото<br>-Изградба на канализација |

| | |
|---|---|
| Доленци | -Промена на вентилите на селските резервоари<br>-Собирање на отпадот на локацијата одредена за отпад<br>-Поставување на улично до влезот на на селото<br>-Поставување на легнати полицајци од влезот на селото до средсело<br>-Проширување на стариот пат до гробиштата<br>-Хлорирање на водата<br>-Чистење на патот над селото спрема Брезово<br>-Санација на школската зграда<br>-Санација на црквата и црковниот трем<br>-Санација на тремот кај гробиштата и местото околу него<br>-Санација на чешмата на средсело |
| Обедник и Лесково | -Доизградба на речно корито на Стара Река (Обедничица)<br>-Изградба на спортско игралиште во кругот на училиштето<br>-Реновирање на училишната зграда<br>-Асфалтирање на споредната улица до кејот на Стара Река и до муслиманските гробишта во должина од околу 2км<br>-Чистење на споредниот селски пат (викан Влашки пат), од селото до Мраморица<br>-Пополнување на ударни дупки по патот Мраморица-Обедник<br>-Чистење на дива депонија Сува Река<br>-Чистење на патот од крак Боишта до село Лесково |
| Мренога | -Инсталација за улично осветлување на влезот од селото<br>-Реконструкција на улица од средсело до крајот на селото<br>-Изработка на Урбанистички план за с.Мренога<br>-Систем за хлорирање на водата за пиење, чистење и дезинфекција на резервоарот за вода<br>-Комунално одржување на селото-чистење на улиците<br>-Поставуавње на контејнер за стакло<br>-Изнајдување на форми за обезбедување на мобилни консултатни за искористување на парични средства од европските фондови за рурален развој |
| Белче | -Реконструкција на улици во селото<br>-Решавање на проблем со канализационата мрежа |
| Жван | -Реконструкција на улица од главен регионален пат до средсело<br>-Изградба на пат до манастир Свети Архангел и Михаил |
| Церово | -Тампонирање на пат |
| Радово | -Изградба на пат до с.Радово |

| | |
|---|---|
| Зашле | -Поставување на лице што ќе го одржува патот Доленци-Брезово-Зашле<br>-Санација на речното корито кај местото викано Стрмница<br>-Санација на каскада на река над с.Брезово<br>-Санација на каскада на поток Дијаница пред влезот во селото<br>-Обезбедување на бетонски цевки за поставување за премин на река з пристап до манастир Свети Ѓорѓија<br>-Реновирање на селска зграда<br>-Чистење и дезинфекција на резервоарите за вода<br>-Рушење на надвисната карпа која претставува опасност кај месноста викана Воденици<br>-Осветлување на манастир Свети Ѓорѓија<br>-Машинско проширување на кривини на патот Брезово-Зашле |
| Демир Хисар | -Реконструкција на ул.Маршал Тито по можност со тротарско решение<br>-Уредување на теренот во склоп на градскиот стадион со можност за изградба на нови игралишта за повеќе видови спорт<br>-Обнова на детските реквизити или поставување на нови во постоечкото детско игралиште во Новата населба и уредување на истото<br>-Санација на дел од патниот правец Мургашево-Вардино, на потегот од мостот на Стара Река до храмот Свети Никола |

Изработил:

Виолета Пајковска

Александра Трајковска